

Изградбата на куполите е една десетина од заштедата со ребалансот на буџетот

# Скапите куполи капак на кризата

АНТОНИО СПАСЕВ

**Реализацијата на проектот, која пред изборите беше сопрена поради високата цена од 17 милиони евра, ќе почне на 1 јули**

Собранието на 1 јули ќе стане градилиште ако сè оди според планот со конкурсот, кој вчера беше повторно објавен. Зградата ќе добие уште еден кат врз кој ќе бидат поставени три големи стаклени куполи.

Неколку дена пред претседателските и локалните избори беше поништен претходно распишаниот конкурс, со образложение дека трите градежни компании што учествуваа во наддавањето барале премногу буџетски пари - околу 17 милиони евра.

Во Собранието сега очекуваат поевтини понуди, иако во огласот не се предвидени намалувања на големите градежни зафати. И понатаму останува на покривот да се конструира огромна стаклена купола под која ќе се направи конференциска сала од 600 квадратни метри, како и две помали куполи, кои всушност најмногу ја дигаат цената на градежниот зафат. Покрај надградбата со уште еден кат, предвидено е преадаптирање на целиот простор, ќе се засили статиката на зградата и ќе се направи студио за собранискиот телевизиски канал.



За разлика од претходно, сега не се бараат понуди за потребната електронска опрема. Тоа ќе се прави по реализацијата на градежните работи, кои треба да почнат на 1 јули и да завршат по две години.

- Криза е и не требаше повторно да се распише огласот. А поголем простор за работа ќе добиеме и затоа што за неколку дена претседателот на државата и неговиот кабинет ќе ја напуштат собраниската зграда - вели пратеникот и поранешен прв човек на парламентот, Стојан Андов.

Од кабинетот на претседателот на собранието Трајко Вељановски велат дека Владата при неодамнешниот ребаланс на буџетот не предвидела измени во средствата за оваа намена и затоа јавниот оглас е пак распишан. Останува порано даденото објаснување на првиот парламентарец дека сумата за изградбата нема да се плаќа наеднаш, туку и во наредните две буџетски години.

Поништувањето на претходниот оглас пратениците од опозицијата го коментираа како предизборно манипулирање на граѓаните. Тие повикуваат навистина да се стопира проектот, а парите да се искористат за ублажување на кризата. Од парламентарното мнозинство и понатаму со истиот став дека со надградбата на собранието градежниците ќе добијат работа, а сите народни избраници - добри работни услови. ■

## Некои училишта ќе одработуваат за штрајкот

Некои од основните и средните училишта во Скопје денеска ќе ги дополнуваат часовите изгубени за време на штрајкот во декември.

Иако синдикатот (СОНК) и Министерството за образование не одлучиле како и кога ќе се одработуваат деновите од штрајкот, денеска ќе се одржи настава во училиштата во Карпош, зашто такво известување добиле од општинскиот просветен инспектор. Училиштата во Бутел вчера најавија дека ќе работат, но потоа ја смениja одлуката.

- Ако не ги одработиме деновите, има шанси инспекторите да нè казнат и да не можеме да ги потпишеме свидетелствата. Од СОНК нè информираа да не работиме, повикувајќи се на спогодбата со Министерството, но се плашиме дека Синдикатот нема да нè заштити од можна казна - велат директорите на училиштата.

Претседателот на СОНК, Којчин Цветановски, е шокиран од притисокот што го врши општинскиот инспектор врз училиштата. ■

## Јапонска компанија со раствори за дијализа на „Алкалоид"

Светскиот производител на дијализери и потрошен материјал за хемодијализа од Осака, Јапонија, ќе ги користи растворите на „Алкалоид" од Скопје во сите свои болници, објекти и центри во регионот.

- Од лани ја застапуваме опремата на НИПРО од Осака, една од трите најголеми светски компании - рече директорот на „Алкалоид", Живко Мукаетов, при вчерашното потпишување на договорот со јапонскиот партнер.

Извршниот директор на НИПРО-Европа, Свен Аксел Кренторз, рече дека растворите за хемодијализа ќе ги користат во петте центри на Балканот, вклучувајќи ги и тие во Романија и во Бугарија. (ЉБ.) ■

## Симпозиум за нефрологија во МАНУ

Европската асоцијација за дијализа и трансплантација денеска организира меѓународен еднодневен симпозиум во Македонската академија на науките и уметностите.

Стручњаци од Германија, Австрија, Турција, Белгија и од Англија, кои првпат гостуваат во Македонија, ќе расправаат за современиот начин на дијализа и трансплантација на бубрези. Повод за еминентниот собир е 70-роденден на академикот Момир Поленаковиќ. ■